Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 05.10.2019

Регионалниот центар за гранични работи поднесе кривична пријава против Ј.М.С.(43) од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „трговија со луѓе“ по член 417 од Кривичниот законик. На 04.10.2019 во 02.40 часот во близина на наплатната рампа кај с.Смоквица, полициски службеници го запреле патничкото возило „мерцедес“, со германски национални ознаки, што го управувал пријавениот. При преглед во возилото биле пронајдени две лица без документи, а според нивните наводи станува збор за А.Х.(25) и В.Н.(25), двајцата од Авганистан. Пријавениот и мигрантите биле приведени и задржани во Полициската станица Гевгелија.

На 04.10.2019 околу 21.20 часот на крстосница од улиците „Иво Лола Рибар“ и „Денко Драганов“ во Куманово, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген бора“ со кумановски регистарски ознаки, управувано од С.М.(49) од Куманово и мопед „томос-АПН-6“, управуван од А.К.(26) од Куманово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил А.К., додека со телесни поврди се здобил сопатникот од мопедот, Џ.С. од Куманово. Тие биле пренесени во болницата во Куманово за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Куманово.

На 04.10.2019 во 13.10 часот на крстосница од улиците „Никола Карев“ и „Симеон Кавракиров“ во Скопје, С.С.(35) од Скопје, управувајќи велосипед, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во незгодата тој се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза“ за укажување лекарска помош. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 04.10.2019 околу 13.00 часот на Граничниот премин „Деве Баир“, полициски службеници го лишиле од слобода К.Б.(29) од Скопје, поради сомнение за сторени кривични дела „Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости“ и „Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости“. При контрола на патничко возило „фолксваген голф“, со скопски регистарски ознаки, што го управувал К.Б., биле пронајдени и одземени стари монети, стари метални делови од накит и други стари предмети. По расчистување и документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.10.2019 во 19.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, Т.А.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Крсте Асенов“ неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник на левата потколеница.

На 04.10.2019 во 15.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“ со повреда од пиштол бил донесен А.Б.(27) од Скопје. Околу 15.30 часот на ул.„Бајрам Шабани“ во настанот учествувале неколку лица, а со повреди се здобл А.Б.. Подоцна, во близина на местото, било пронајдено патничко возило „фолксваген голф“, со скопски регистарски ознаки, сопственост на Љ.В.(28) од с.Света Петка, кое имало оштетувања од огнено оружје. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.10.2019 во Полициската станица Ѓорче Петров, К.П.(32) од Скопје пријавила дека на 03.10.2019 околу 19.10 часот на ул.„4-ти Јули“ била касната од куче скитник на левата нога.

На 04.10.2019 во 10.30 часот, полициски службеници од СВР Тетово, на ул.„Борис Кидрич“ и ул.„Благоја Тоска“ во Тетово ги лишиле од слобода А.И.(20) и С.Х.(23), двајцата од с.Џепчиште, тетовско, поради тоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.
СВР Охрид поднесе кривична пријава против П.С.(22) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“, Пријавениот, на 16.09.2019 на ул.,,Абас Емин“ во Охрид бил запрен од полициски службеници и при преглед кај него бил пронајден амфетамин. Додека, при претрес во неговиот дом, исто така, бил пронајден и одземен амфетамин.

На 03.10.2019 во СВР Куманово, било пријавено дека М.И.(19) од Куманово платил на две места за производи и услуги со фалсификувани банкноти од по 1000 денари. Истиот ден, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот на ул.„143" во Куманово, при што пронашле и одзеле 11 фалсификувани банкноти (10 банкноти во апоени од 500 денари и една банкнота во апоен од 1000 денари). М.И. бил приведен и задржан во полициска станица. По целосно расчистување и документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.10.2019 во 14.29 часот во СВР Скопје било пријвено дека во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје со тешки телесни повреди бил донесен повреден Љ.А.(55) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредите додека извршувал градежни работи на ул.„Јадранска магистрала" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и трудов инспектор. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04-05.10.2019 во периодот од 22.00 до 04.00 часот полициски службеници извршиле редовни контроли во четири угостителски објекти на подрачјето на СВР Скопје. При преземањето на службените мерки и активности, приведени се две лица поради нарушување на јавниот ред и мир, и тоа Б.Б.(29), по чл.14 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир (ЗППЈРМ) и по член 382 од Кривичниот законик на РСМ и М.М.(20), по член 14 од ЗППЈРМ. По целосно документирање на настанот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 05.10.2019 во 05.26 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во кој биле опожарени две куќи на ул.„Серава" во Скопје, сопственост на Р.Е.(54) и М.М.(36). Пожарот бил изгаснат од екипи на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Повредени лица нема, а увид се врши во текот на денот.

На 04.10.2019 во 13.00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека во фабрика во Кочани, Т.Н.(50) од с.Оризари, кочанско, додека извршувал работни задачи, се здобил со тешки телесни повреди. Тој бил пренесен во Јавната здравствена установа Кочани за укажување лекарска помош. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.10.2019 во 23.30 часот во СВР Скопје, А.С.(21) од Скопје пријавил дека околу 22.45 часот пред угостителски објект на ул.„Кеј 13-ти Ноември", неговиот малолетен брат бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе прекршочна пријава против А.Д.(1974) од Скопје, поради сторен прекршок - нарушување на јавниот ред и мир и постапување спротивно на наредба на полициски службеник. Таа, на 04.10.2019 година во 15.25 часот на ул.„Климентов универзитет" во Охрид, одбивала да се придржува до насоките на полицискиот службеник, по што е повикана на разговор во полициска станица.

На 05.10.2019 околу 02.00 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека во с.Русиново, беровско, настанал пожар во штала, сопственост на К.В.. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Берово. Повредени нема, а увид се врши во текот на денот.

На 05.10.2019 во 01.25 часот во Полициската станица Крива Паланка, И.Б.(39) од Крива Паланка пријавил дека на ул.„Св.Јоаким Осоговски" бил каснат од куче скитник на левата нога.

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)